РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, преку контакт формата на web страна на Државната комисија, доставено е Барање со кое од Државната комисија се бара мислење во однос на тоа дали настанува судир на интереси доколку се назначи лицето во средно училиште како член на Училишен одбор од страна на основачот со оглед на тоа дека истото лице е член на Училишен одбор во Општинско основно училиште во Берово, делегиран преку основачот.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издава следното

**М И С Л Е Њ Е**

Согласно член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

(4) „Избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал.“

Имено, согласно цитираните одредби постои забрана за вршење на други дејности, по што Државната комисија смета дека како службено лице кое е именувано за извршување на функцијата член на Училишен одбор во основно општинско училиште не може да извршува функција како член на орган на управување во друга јавна установа која располага со државен капитал.

**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Адреса: „Пресвета Богородица“ бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk